РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА
СКОПЈЕ

| Примено: 16.11.2012 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 08 | 224/19 | | |

Уж.бр.994/2012

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ВИШИОТ УПРАВЕН СУД, во совет составен од судиите: Лидија Каначковиќ - Претседател на советот и судиите М-р Џемали Саити и Загорка Тноковска - членови на советот, со записничар Верица Гавровска - Петровска, судски соработник, решавајќи по жалбата на Авто Мото Друштво од Виница, изјавена преку полномошник Славчо Алексов, адвокат од Виница, против Пресудата на Управниот суд У-5.бр.889/2010 од 24.04.2012 година, по основ заштита на конкуренцијата, на седница одржана на ден 02.10.2012 година, донесе:

П Р Е С У Д А

Жалбата на Авто Мото Друштво од Виница, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

Пресудата на Управниот суд У-5.бр.889/2010 од 24.04.2012 година, СЕ ПОТВРДУВА.

О б р а з л о ж е н и е

Управниот суд одлучувајќи по тужбата на Авто Мото Друштво од Виница, со Пресуда У-5.бр.889/2010 од 24.04.2012 година, ја одбил тужбата на тужителот како неоснована изјавена против Решението на Комисијата за заштита на конкуренцијата бр.08-195/25 од 19.07.2010 година.

Против наведената пресуда тужителот изјави жалба поради погрешно утврдена фактичка состојба и предлага да се уважи жалбата на тужителот, ја преиначи нападнатата одлука во смисла да го уважи тужбеното барање и поништи решението бр.08-195/25 од 19.07.2010 година или ја уважи жалбата и предметот го врати на Управниот суд на повторно разгледување и одлучување.

Вишиот управен суд, по извршениот увид во списите по предметот, во обжаленото решение, ценејќи ги наводите во жалбата, во смисла на член 354 од ЗПП најде:

Жалбата е неоснована.

Со решение бр.08-195/25 од 19.07.2010 година Комисијата за заштита на конкуренцијата, постапувајќи во постапката поведена по службена должност

против Авто мото друштво Виница, за утврдување на постоење на забранет договор или договорена практика чија цел е спречување, ограничување или ограничување на конкуренцијата на пазарот за обезбедување на услугата технички преглед на моторни и приклучи возила на територијата на Република Македонија, утврдила дека Авто мото друштвото Виница учествувало во забренет договор или договорена практика на начин што Авто мото сојуз на Македонија Скопје, доставувал одлуки и ценовници за цената на услугата на технички преглед на моторни и приклучни возила до сите Авто мото друштва, кои одлуки и ценовници ги применувале директно или индиректно преку носење на сопствени одлуки и ценовници со цени исти со оние утврдени од Авто мото сојуз на Македонија, со што директно ги фиксирале продажните цени за услугата технички преглед на моторни и приклучни возила на територијата на Република Македонија, а со цел спречување, ограничување или нарушување на конкуренцијата на пазарот за обезбедување на услуга-технички преглед на моторни и приклучни возила на територијата на Република Македонија, со што сториле повреда од член 7 став 1 точка 1 од Зкаонот за заштита на конкуренцијата.

Незадоволен од вака донесеното решение тужителот поднел тужба поради погрешно утврдена фактичка сосотјба, со која наведува дека Комисијата погрешно го применила материјалното право кога нашла дека Авто мото друштвото Виница учествувало во забренет договор или договорена практика.

Управниот суд одлучувајќи по тужбата денел Пресуда У-5.бр.889/2010 од 24.04.2012 година со која тужбата на тужителот ја одбил како неоснована, наогајќи дека органот правилно го применил Законот за заштита на конкуренција.

Вишиот управен суд одлучувајќи по жалбата на тужителот најде дека Управниот суд донел законита одлука.

Согласно член 2 од Законот за заштита на конкуренција („Службен весник на Република Македонија“ број 4/2005, 70/2006 и 22/2007), цел на овој закон е обезбедување слободна конкуренција на домашниот пазар заради поттикнување на економска ефикасност и благосостојба на потрошувачите.

Според член 7 став 1 точка 1, 2, 3, 4 и 5 од истиот закон, забранети се сите договори склучени меѓу претпријатијата, одлуките на здруженијата на претпријатијата и договорената практика чија цел или последица е спречување, ограничување или нарушување на конкуренцијата, а особено оние кои: директно или индиректно ги фиксираат куповните или продажните цени или некои други услови на тргување, го ограничуваат или контролираат производството, пазарот, техничкиот развој или инвестициите, го делат пазарот или изворите на снабдување, применуваат различни услови за исти или слични правни работи со други трговски партнери со што ги ставаат во понеповолна конкурентска позиција,

Скопје, доставувал одлуки и ценовници за цената и услугата технички преглед на моторни и приклучни возила до сите Авто мото друштва. Одлуките и ценовници биле применувани директно или индиректно преку носење на сопствени одлуки и ценовници со цени исти со оние утврдени од Авто мото сојуз на Македонија, со што директно ги фиксирале продажните цени за услугата технички преглед на моторни и приклучни возила на територијата на Република Македонија, а со цел спречување, ограничување или нарушување на конкуренцијата на пазарот за обезбедување на услуга, технички преглед на моторни и приклучни возила на територијата на Република Македонија. Со ваквото постапување сториле повреда од член 7 став 1 точка 1 од Законот за заштита на конкуренцијата.

При одлучувањето судот ги имаше во предвид наводите на жалителот истакнати во жалбата, односно дека Авто мото друштвото Виница-Виница, претставува посебен деловен субјект кој нема апсолутно никаква организациона врска со Авто мото сојузот на Македонија-Скопје или пак има донесено одлука со која може да ги задолжи и директно да влијае да Авто мото друштвата безусловно ги применуваат нивните одлуки, меѓутоа истите најде дека се неосновани и немаат влијание за поинакво одлучување, од причини изнесени во одлуката на Управниот суд, а со кои наполно се согласува и овој суд.

Имајќи го предвид горенаведеното, Судот согласно 355 став 1 од Законот за парничната постапка, а во врска со член 7-а од Законот за управните спорови, одлучи како во изреката на пресудата.

Пресудено во Виш управен суд на ден 02.10.2012 година под Уж.бр.994/2012.

Записничар-судски соработник
Верица Гавровска-Петровска с.р.

Претседател на совет-Судија
Лидија Каначќовиќ с.р.

/ЛС

Согласноста на преписот
со изворникот го потврдува
УПРАВИТЕЛ НА СУДСКАТА ПИСАРНИЦА